

***Во ова продолжение за читателите на порталот „Македонска нација“ ќе ги претставиме имињата, зборовите, изразите, називите,***
**лексикографските термини**
***...кои се во „Библискиот речник“: од***
**Кадилница**
-
***сад во кој се палел***
***темјанот, до***
***Кириот***
***- град во планините на***
***Идумеја,***
***југозападно од Мртвото***
***Море***

**Кадилница**- сад во кој се палел темјанот (4 Мој 16,6-7,39). Кадил-ниците во Скинијата биле бронзе-ни, а во храмот златни.

**Кадис-Варна** - оаза, еден од израелските логори во текот на лутањето низ пустината. До него се доаѓало по 11 дена лутања низ пустината. Местото се снабдувало со вода од пештерски извор. Овде Мојсеј удрил со стапот по карпата, и потекла вода (4 Мој 20,1-12). Од Кадис-Варнатој пратил извидници во Ханаан (5 Мој 19-25; 46; 23,8).

**Каин**- *ковач,* првиот син на Адам и Ева, првиот роден човек. Го убил брата си Авел и заради тоа бил избркан од местото каде живеел (1 Мој4; 1 Јв3,12).

**Кајафа**- на арамејски *„физиогномист",* првосвештеник во храмот во Ерусалим во времето на Христовата служба (од 8. до 36.г.). Нему му Го довеле Христос да му суди. Кајафа го обвинил за богохулство и Го предал на римскиот прокуратор (Мт 26,57-68). Според Јв18,13 неговиот претходник, првосвештеникот Ана му бил тест.

**Какол**- растение од семејството на тревите, потсетува на пченица и во текот на плевење, тешко се разликува од неа. Неговиот корен се меша со коренот на пченицата, Кога добро ќе созрее, може да се види разликата меѓу двете растенија и во време на жетва лесно се раздвојуваат. Исус прави споредба на разликувањето на верните и неверните луѓе, кога ќе дојде време за тоа, споредувајќи ги со пченица и какол {Мт1 3,24-30).

**Калварија** - на латински *череп;* место близу до Ерусалим, вон градските ѕидини, каде Христос бил распнат. Еврејскиот израз со кој се преведува овој термин е
*Голгота*
(Мт 27,33). Името го носи поради конфигурацијата на земјиштето, што потсеќа на череп.

**Календар** - в. Година.







Пишуваат: **ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И**



**СЛАВЕ КАТИН**